.

# ЗАПИСНИК

**од одржан тематски колегиум на 04.11.2025 година**

На ден **04.11.2025 година (понеделник)**, во кабинетот на Градоначалникот на Општина Крива Паланка се одржа **тематски колегиум**, посветен на **планирањето на претстојните активности, утврдување на клучни датуми и почитување на рокови и временски термини** за реализација на програмските задачи на Општината до крајот на 2025 година.

**Присутни:**

- **Бранко Велиновски** – Раководител на Одделение за инспекциски надзор
- **Даниела Велковска** – Раководител на Сектор за правни и општи работи, јавни дејности и поддршка на Градоначалник
- **Антонио Давитковски** – Раководител на Одделение за локален економски развој и евроинтеграции
- **Емил Денчевски** – Раководител на Одделение за администрирање на даноци и комунални такси
- **Игор Додевски** – Раководител на Одделение за човечки ресурси
- **Никола Граматиков** – Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура
- **Даниела Милошевска –** Раководител на Одделение за јавни дејности
- **Сања Стојановска** – Раководител на Одделение за поддршка на Градоначалникот, односи со јавноста и информатичка технологија
- **Биљана Тасевска -** Советник за јавни набавки и работи за седници на совет
- **Ангела Тасевска** – Шеф на Кабинет на Градоначалникот

## ЗАКЛУЧОЦИ

**1. Подготовка на втора седница на Советот на Општина Крива Паланка за ден 14.11.2025 година**

**1.1. Се задолжува Секторот за правни и општи работи и поддршка на Градоначалникот** да преземе активности за закажување на седници на Советот до крајот на годината, согласно следните термини:

**1.2. Се задолжува Секторот за правни и општи работи и поддршка на Градоначалникот** за истата седница, **да се координира со координаторите на советничките групи** за персонална подготовка и формирање на комисиите за работа на Советот на Општина Крива Паланка .



☎ +389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

INTERCERT CERTIFIED ISO 9001

**1.3.** Се задолжуваат **Секторот за урбанизам** и **Одделението за изградба**, во координација со **Одделението за финансиски прашања**, да започнат со подготовка на **Развојни повеќегодишни програми** за работа на Општина Крива Паланка-согласно претходните задолженија од последниот оджан состанок на стручен Колегиум. Истите треба да бидат доставени до Министерството за финансии **најдоцна до 15.11.2025 година**, согласно законските рокови за добивање согласност.

**1.4.** Се задолжува **Одделението за изградба** да подготви **одлуки за предавање на завршените проекти и новоизградени објекти кои се со завршен технички прием** во владение на ЈП „Комуналец“ за понатамошно одржување.

**1.5.** Се задолжува **Раководителот на Секторот за правни и општи работи** и **раководителот на Одделението за изградба** да обезбедат **две поединечни проценки** за објектот на зградата кај **Европска куќа**, како и **предлог-одлука за согласност од страна на Советот за продажба на објектот** за седницата на Советот закажана за 14.11.2025 година.

**1.6.** Се задолжува **Одделението за финансиски прашања** да изготви **предлог Одлука -пренамена на буџетски ставки** во Буџетот за 2025 година, по однос на нереализирани програмски активности и реални потреби до крајот на годината.

- При тоа, да се земат предвид програмите на **ЈП „Комуналец“** (урбано зеленило, комунална хигиена),
- **Програмата за детска и социјална заштита** (ангажирање општо корисни работници),
- како и **Програмата за култура** (организација и одржување на новогодишниот базар).
- Да се изврши координација и со сите раководители за идентификација на реализирани и нереализирани активности кои можат да бидат предмет на соодветна пренамена.

**1.7.** Се задолжуваат сите **раководители на сектори и одделенија** да подготват предлози за точки на дневен ред на Советот, во насока на навремено донесување на сите неопходни одлуки по однос на тековните потреби за работа на Општина Крива Паланка.

**2. Подготовка на третта седница на Совет на Општина Крива Паланка за ден 05.12.2025 година**

**2.1**. Се задолжува **Секторот за правни и општи работи и поддршка на Градоначалникот** да ја закаже следната седница на Советот за **05.12.2025 година**.

**2.2.** Се задолжуваат сите **раководители на сектори и одделенија** да ги достават **нацрт-верзиите на оперативните годишни програми за работа најдоцна до 15.11.2025 година**, а **финалните верзии до 25.11.2025 година**.

**2.3.** Се задолжуваат сите раководители на Сектори и Оделенија за седницата на Советот закажана за 05.12.2025 година, сите програми за работа на Општината за 2026 година да бидат **целосно усогласени и подготвени**.

**2.4.** Се задолжува **Одделението за финансиски прашања** да го изготви **третиот квартален извештај за Буџетот** на Општината.

**2.5.** Се задолжуваат **сите сектори и одделенија** да подготват **одлуки и материјали од тековното работење** што треба да се разгледаат и донесат на седницата закажани за 05.12.2025.

**2.6.** Се задолжува **Одделението за јавни дејности**:

- да распише **јавни повици** во рамки на програмите за **култура и спорт**,
- да организира **Буџетски форум** во моделирана форма за основно запознавање на јавноста со планираните активности на Општината во следната Буџетска година .

**2.7.** Се задолжува **Одделението за ЛЕР и евроинтеграции** да подготви **јавен повик за изразување интерес од граѓански организации**, согласно однапред утврдени јасни и прецизни критериуми за поддршка на невладиниот сектор.

**3. Подготовка на четвртта седница на Совет на Општина Крива Паланка за ден 26.12.2025**

**3.1**. Се задолжува **Секторот за правни и општи работи и поддршка на Градоначалникот** да ја закаже **последната седница на Советот за тековната година за усвојување на Буџетот за 2026 година** за ден **26.12.2025 година.**

**4. Организација на традиционален новогодишен прием**

**4.1. Се задолжува Одделението за поддршка на Градоначалникот и Кабинетот на Градоначалникот** да организира **традиционален новогодишен прием** на **30.12.2025 година** за соработници, економски оператори, спортски здруженија, невладини организации и граѓани.

**5. Тековни задолженија**

**5.1**. Се задолжуваат сите **сектори и одделенија** да ги реализираат преостанатите задолженија и заклучоци од одржаниот **стручниот колегиум на ден 22.10.2025 година.** Воодено, се закажува следен **состанок на раководителите на сектори и одделенија на ден 10.11.2025 година понеделник**, на кој ќе се направи детален преглед на спроведените активности од задолженијата од одржаниот стручен Колегиум на **ден 22.10.2025** и ќе се дефинираат следните клучни приоритети за работа на Општина Крива Паланка.

**5.2** Се задолжуваат сите **сектори и одделенија**, во рамки на своите надлежности, да преземат активности за **изготвување на нови решенија, овластувања и акти** кои произлегуваат од **новиот мандат на Градоначалникот.**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Сашко Митовски**

**04.11.2025**
**Општина Крива Паланка**